ADING
состојка на секоја градба




# Годишен извештај 2019

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2019

# СОДРЖИНА


1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ........ 1
2. ЧЛЕНОВИ НА УПРАВЕН ОДБОР ........ 2
3. ЧЛЕНОВИ НА НАДЗОРЕН ОДБОР ........ 3
4. ПИСМО ДО АКЦИОНЕРИТЕ ........ 4
5. ПОДРУЖНИЦИ, ФИЛИЈАЛИ И ПОВРЗАНИ ДРУШТВА ........ 10
6. ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ ........ 11
7. ГОДИШНИ ПЛАТИ И НАГРАДИ НА ОРГАНИТЕ НА УПРАВУВАЊЕ ........ 12
8. ПОДАТОЦИ ЗА КАПИТАЛОТ И АКЦИОНЕРИТЕ ........ 13
9. ФИНАНСИСКИ ПОДАТОЦИ ........ 14
10. ИЗВЕШТАЈ ОД НАДЗОРЕН ОДБОР ........ 15
11. ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ ........ 18
12. ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА ........ 23
13. ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА ........ 24
14. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО КАПИТАЛОТ ........ 25
15. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИ ТЕКОВИ ........ 26
16. КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ ........ 27
17. КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА ........ 32
18. КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА ........ 33
19. КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО КАПИТАЛОТ ........ 34
20. КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИ ТЕКОВИ ........ 35
21. ПОКАЗАТЕЛИ НА ПРОФИТАБИЛНОСТ ........ 36
22. ПРОИЗВОДСТВО И ПРОДАЖБА ПО ГОДИНИ ........ 37
23. ПЛАНИРАНА ПРОДАЖБА ВО 2020 ........ 38
24. СЕРТИФИКАТ ISO-9001:2015 ........ 39
25. СЕРТИФИКАТ ISO-14001:2015 ........ 40
26. АКРЕДИТАЦИЈА НА ЦЕНТРАЛНА ЛАБОРАТОРИЈА АДИНГ ........ 41
27. А - ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА ........ 42
28. СЕРТИФИКАТ СЕ - АДИТИВИ ........ 43
29. СЕРТИФИКАТ СЕ - РЕПАРАЦИИ ........ 44

| | |
|---|---|
| Назив на друштвото | **Деловен систем АДИНГ АД за производство, примена и пласман на хемиски материјали за градежништво и инженеринг работи Скопје** |
| Скратен назив | **АДИНГ АД СКОПЈЕ** |
| Седиште и адреса | **Новоселски пат (1409) Бр.11, 1000 Скопје** |
| Телефон и факс | **02/20 34 800; 02/20 34 810** |
| Адреса на електронската пошта | **ading@ading.com.mk** |
| Адреса на интернет страницата | **www.ading.com.mk** |
| Матичен број | **4205880** |
| Шифра на дејност | **20.59** |
| Опис на дејностите (претежна дејност) | **Производство на други хемиски производи, неспомнати на друго место** |
| Број на Решение од Централниот Регистар | **4-02001094-000-03** |
| Датум на основање (ден, месец и година) | **30.05.1969** |
| Број на вработени на крајот на годината | **89** |
| Систем на управување | **двостепен** |

| | |
|---|---|
| Сметка/и (трансакциона/и) на АД и назив на институцијата која ја води | **300000000239626, Комерцијална банка АД Скопје** |
| Сметка/и (трансакциона/и) на АД и назив на институцијата која ја води | **210042058800143, Тутунска банка** |
| Сметка/и (трансакциона/и) на АД и назив на институцијата која ја води | **270042058800150, Халк Банка АД Скопје** |
| Сметка/и (трансакциона/и) на АД и назив на институцијата која ја води | **290100000174937, ТТК Банка АД Скопје** |
| Сметка/и (трансакциона/и) на АД и назив на институцијата која ја води | **300000003945026, Комерцијална банка АД Скопје (подружница - Продавница 1)** |
| Сметка/и (трансакциона/и) на АД и назив на институцијата која ја води | **380125013803131, Про Кредит Банка АД Скопје** |

# ЧЛЕНОВИ НА УПРАВЕН ОДБОР



**БЛАГОЈА ДОНЧЕВ**
Претседател на Управен одбор и генерален директор



**ЗОРАН ПЕТРОВСКИ**
Заменик претседател и заменик Генерален директор



**ВАЊА ДОНЧЕВА РАЈАТОСКА**
Член на Управен одбор и заменик генерален директор на Адинг АД Скопје, Управител на Биро Проект Дооел, Скопје



**ДАНИЕЛ ЦЕКОВ**
Член на Управен одбор



**ГОРАН АТАНАСОВСКИ**
Член на Управен одбор

# ЧЛЕНОВИ НА НАДЗОРЕН ОДБОР



**АЛЕКСАНДАР БЕЛЕВ**
Претседател на
Надзорен одбор



**АЛЕКСАНДРА ПЕТРОВСКА**
Заменик претседател
на Надзорен одбор



**ФИЛИП ФИЛИПОСКИ**
Член на Надзорен одбор



**РАДЕ ЈАНКОВ**
Независен член на
Надзорен одбор

# ОЦЕНКА ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ДС АДИНГ ВО 2019 ГОДИНА

Изминатата јубилејна 2019 година - 50 ГОДИНИ АДИНГ- ДС АДИНГ успешно ја заврши. Адинг го исполни планот на продажба на готов производ со 88% од планираното, а за 4% помалку од претходната 2018 година. Сите поврзани друштва покажаа добри позитивни финансиски резултати. Посебно треба да се истакне одличното работење на Инвест А, БЦ Адинг, Биро Проект и доброто работење на Адинг-Белград и Адинг-Бугарија, кои го подобрија и го компензираа малото потфрлање на планот на Адинг. Резултатите од работењето за 2019 година се потврдени и од ревизорската куќа Грант Торнтон.

# ШТО ПЛАНИРАВМЕ И ШТО РЕАЛИЗИРАВМЕ

РЕАЛИЗАЦИЈА И ПРОФИТ

- Планот за продажба на готов производ го реализиравме:
На домашниот пазар 99% од планираното, а 103% во однос на 2018 година, додека на странскиот пазар 70% од планираното, а 84% во однос на 2018 година.
- Нето реализацијата на домашен и странски пазар изнесуваше 4.441.108 евра.
- Останатите приходи изнесуваа 732.923 евра.
- Вкупните приходи изнесуваа 5.174.031 евра (4.441.108 + 732.923).
- Реализацијата од готови производи(домашен пазар + странство) изнесуваше 88% од планираната, а 96% во однос на 2018 година.
- Реализацијата од готов производ на домашниот пазар учествуваше со 69%, а на странскиот со 31%.
- Добивката по оданочување е 280.819 евра или 5.38 % од вкупните приходи, додека во 2018 год. беше 5.20% или 269.225 евра.

Реализацијата е остварена на домашен пазар и извоз во Србија, Црна Гора, Бугарија, Казахстан, Босна и Херцеговина, Косово, Албанија, Либија и др.
Оствaривме профит поголем од минатата година, и поголем од минимално планираниот профит во Генералниот Бизнис План од 250.000 евра, што значи во 2019 година сме работеле слично како и во 2018 година.

# НАПЛАТА И ЗАДОЛЖЕНОСТ

Ликвидноста на домашниот пазар и на повеќето пазари во странство каде АДИНГ е присутен, е веќе хроничен проблем како и во претходните години.

Наплатата и понатаму останува проблем кој не прати на пазарите каде што сме присутни. Наплатата е клучен фактор од кој зависи деловниот резултат и успешноста на работењето. И понатаму остануваат проблем побарувањата од фирми кои се утужени, а за некои има и обезбедени гаранции за плаќање, но нивната наплата не оди со планираната динамика. Овие тешко наплатливи побарувања и нивниот отпис, влијаат на тековниот резултат и заради нив ќе мораме и во наредните години да правиме резервација во случај на ненаплатливост и отписи на побарувањата.

Нашите обврски кон Деловните банки се сервисираат редовно со датумот на нивното доспевање. Вратен е вкупен главен долг во тек на 2019 година во износ од 717.472 евра и со тоа ја намаливме задолженоста за, 245.641 евра. Сепак, поради нарушената ликвидност, бевме приморани да користиме револвинг кредити заради сервисирање на обврските.

И покрај отежнатата наплата АДИНГ успеа да ја одржи ликвидноста и редовно да ги подмирува своите обврски, што и оваа година не беше случај со повеќето наши купувачи и покрај законот за финансиска дисциплина, кој АДИНГ го почитуваше како една од малкуте фирми во Македонија. Каматна стапка кај нашата главна банка - Комерцијална Банка Скопје, благодарејќи на нашите добри резултати и редовноста во сервисирањето на нашите обврски се намали.Довербата кај нашите деловни партнери од странство кои се наши најголеми добавувачи продолжи. Набавката на репро материјали и амбалажа се реализираше на отворено без обезбедување со акредитиви и гаранции, придонесувајќи за намалување на банкарските трошоци.

## ИНВЕСТИЦИСКИ ВЛОЖУВАЊА

АДИНГ продолжи да инвестира и во 2019 год.

| | |
|---|---|
| - Градежни работи | 82.957 евра |
| - Опрема во лабораотории и производство и обнова на возен парк | 122.658 евра |
| **Вкупно** | **205.615 евра** |

## ПЛАТИ И СТИМУЛАЦИИ

Платите во деловниот систем беа исплатувани редовно, со мало задоцнување од 10 до 15 дена и со идентична месечна вредност на бодот. Сите вработени во целиот деловен систем добиваа топол оброк или надомест, превоз, годишен регрес и други погодности според колективниот договор. Исто така со Одлука на УО број 92/19 утврдени се критериуми и поединечни износи за исплата на надоместоци по основ на Деловна успешност на вработените во претходната година. Бонусите се исплатени во 2019 година.

## ОРГАНИЗАЦИОНИ ПРОМЕНИ

- Нема промени во организационата поставеност

## КАДРОВСКИ ПРОМЕНИ

- Во деловниот систем АДИНГ се примени 10 нови вработени и тоа:

**Во Адинг**

Во службата Институт се примени четири нови инженери од кои еден дипл.инж.технолог, еден дипл.град.инж. и двајца дипл.хем.инж.

Во службата Управен Менаџмент/Кабинет на Генерален директор примени се двајца нови вработен од кои еден на работна позиција Возач и еден на работно место Технички секретар.

Во службата Фабрика примени се тројца нови процесни работници.

**Во Биро Проект**

Во службата Маркетинг примен е еден вработен на работна позиција Графички дизајнер.

- Од деловниот систем АДИНГ по различни основи се заминати 15 вработени и тоа:

**Во Адинг**

Тројца вработени се заминати поради исполнување на услови за старосна пензија,
Девет вработени се заминати поради престанок на важењето на договорот за вработување по различни основи, од кои двајца вработени поради деловни причини,

**Во Биро Проект**

Двајца вработени се заминати поради престанок на важењето на договорот за вработување со спогодбено раскинување,

**Во Адинг Бугарија**

Еден вработен е заминат поради престанок на важењето на договорот за вработување со спогодбено раскинување.

- Во текот на 2019 година направена е прераспределба на двајца вработени во Деловниот Систем и тоа од АДИНГ во БЦА и ИНВЕСТ А.

- Со заминување во пензија на двајца членови на У.О. Петре Филипоски и Дончо Каратуков, на почетокот на годината направена е замена со двајца нови членови од извршните директори, Цеков Даниел и Атанасовски Горан.

- Во текот на 2019 во Деловниот систем АДИНГ беа извршени интерни назначувања на нови работни позиции: Раководител на служба Институт, Водечки инженер за развој, Водечки инженер за влезна и излезна контрола и Главен водечки инженер за Централна лабораторија исто така во служба Институт и во БЦА Водечки менаџер за продажба.

## АКЦИИ И НИВНО ДВИЖЕЊЕ

Во 2019 година за разлика од 2018 година тргувањето со акциите на АДИНГ на берзата беше поголемо. Вкупно беа истргувани 7,894 акции со вкупен промет од 5,203,905 денари или 84,616 евра во споредба со 2018 година кога беа истргувани 3,670 акции со вкупен промет од 2,135,250 денари или 34,720 евра. Акциите се тргуваа на македонската берза и нивната цена се движеше од 620 до 700 денари по акција. Од вкупно истргуваните акции АДИНГ откупи 4,263 акции со вкупна вредност од 2,761,020 денари.



## КАКО ПОЧНАВМЕ ВО 2020 ГОДИНА

Почетокот на 2020 година, јануари, февруари и почетокот на март ја почнавме со одличен почеток, но се случи Пандемијата со Корона вирусот - Ковид 19, со што се смени сè што воопшто можеше да се замисли во нашата Адингова долга историја. Пандемијата беше и веројатно ќе биде нашиот најголем невидлив непријател кој нè принуди на вонредни околности и прилагодување со многу ограничувања во нашата држава и во земјите каде Адинг е присутен. Тоа е голема светска, глобална, здравствена и последично економска криза, со непознати прогнози за тоа како ќе продолжиме да работиме.

Направивме тотална реорганизација во работењето, во услови на опасност од зараза на вработените, почитувајќи ги сите мерки и препораки на Владата и донесовме наши строги хигиенски правила во Деловниот Систем со максимално организирање на работењето - безбедност на оние кои работат на своите работни места, работа од дома со интернет комуникација и координација и ослободување на сите вработени според мерките од Владата - родители со мали деца и хронично болни. Во големите ограничувања за патувања дома и во странство каде сме присутни, успеваме со опременоста и стручноста на младиот, но веќе остручен кадар на компанијата, технички да го покриеме пласманот на домашниот и стrанскиот пазар.

Во првите 4 месеци Адинг го исполни планот на домашен пазар, а на странски пазар имаме мало зголемување на планот со одлични резултати во Црна Гора, Бугарија и Босна и Херцеговина, а послаби во Србија, Косово и Албанија, додека во Казахстан немаме пласман. Првпат сме присутни во Уганда-Африка, со инструктажа преку Израелска компанија.

Од поврзаните друштва во првите четири месеци имаме одлични резултати зголемена реализација над планот и позитивни финансиски резултати во Инвест А, БЦ Адинг, Биро Проект и Адинг Бугарија, а само Адинг Белград е под планот и со негативен финансиски резултат што се должи на завршувањето на големите проекти, додека пак новите доцнат поради Пандемијата.

Останува приоритет и оваа година стандардизацијата на производите од производната програма со: квалитет, конкурентност, комплетирање и ажурирање на техничката документација, почитувајќи ја законската и техничката регулатива како во АДИНГ така и на производите кои се произведуваат и во АДИНГ – Бугарија,при тоа применувајќи ги стандардите кои ги поседува Адинг ISO 9001:2015, ISO 14001:2015, како и стекнување и одржување на што повеќе производи со CE сертификат кои во моментот ги имаме за повеке од 60 производи.

Од инвестиционите вложувања оваа година беа планирани поголеми инвестиции во АДИНГ Скопје и тоа во три нови технолошки линии во прашкасто и две во течно производство, со регално опремување на магацините и замена на дизел со електрични виљушкари. Инвестицијата беше во вредност поголема од 300.000 евра одобрена со кредит од Европска банка со 15% грант. Поради неизвесноста со Пандемијата инвестцијата ја одложивме за 6 месеци со очекување дека ќе ја активираме после тој период. Таа инвестиција е вложување во подобрување на производството, односно модернизација со цел намалување на потрошувачката на енергија, емисија на штетни гасови и трошоци за енергија, како и усогласеност со ЕУ регулативи во делот на заштита на животната средина, безбедност на работниците, и континуирано подобрување на квалитетот на производите.

Во остатокот од годината пред нас, нѐ очекува неизвесност од развојот на Пандемијата и големата економска криза која е насекаде околу нас. Доколку не се влоши состојбата, се надеваме дека проектите каде што сме присутни како дома, така и во регионот ни даваат шанси да бидеме оптимисти за реализација на планот. Но, има уште едно големо "НО" во оваа година, не очекуваат и треба да има избори во Македонија, Србија и евентуално во Косово и Албанија. Тоа е уште една причина за загриженост. Тој изборен амбиент не е сојузник на градежништвото. Никојпат понеизвесна година. Но Адинговата историја е богата и со многу тешки искушенија и да се надеваме и да очекуваме дека како и секојпат во најтешките моменти ќе го одржиме и ќе го продолжиме нашиот растеж, со поддршка на сите акционери и вработени на АДИНГ. Ќе бидеме и во иднина СОСТОЈКА НА СЕКОЈА ГРАДБА, одговорни кон себе, кон другите и нашата компанија А -----2м ----ДИНГ.

Мај 2020 година, Скопје

**Претседател на Управен Одбор**
**и Генерален Директор**

Благоја Дончев дипл.град.инж.

| | |
|---|---|
| **ИНВЕСТ А** | Друштво за инвестициони работи, проектирање, консалтинг и инженеринг ИНВЕСТ А, ДООЕЛ, Скопје, Новоселски пат (1409) бр.11 |
| ЕМБС | 5505925 |
| Дејност | 43.99 Останати специјализирани градежни работи, неспомнати на друго место |
| Учество на АДИНГ АД | 100 % |
| Управител | Смилевски Сашко |

| | |
|---|---|
| **БИЗНИС ЦЕНТАР АДИНГ** | БИЗНИС ЦЕНТАР - АДИНГ ДООЕЛ друштво за производство, инженеринг и трговија Скопје, ул. Кузман Шапкарев бр.5, Ѓорче Петров |
| ЕМБС | 4221290 |
| Дејност | 46.75 Трговија на големо со хемиски производи |
| Учество на АДИНГ АД | 100 % |
| Управител | Белев Александар |

| | |
|---|---|
| **БИРО ПРОЕКТ** | Друштво за проектирање и консалтинг БИРО ПРОЕКТ ДООЕЛ Скопје, ул.Васил Ѓоргов бр.21/1-8 Скопје - Центар |
| ЕМБС | 5735904 |
| Дејност | 71.11 – Архитектонски дејности |
| Учество на АДИНГ АД | 100 % |
| Управител | Дончева Рајатоска Вања |

| | |
|---|---|
| **ПРОДАВНИЦА 1** | АДИНГ АД СКОПЈЕ Подружница Продавница 1, ул. Кузман Шапкарев бр.5, Ѓорче Петров |
| ЕМБС | 4205880/1 |
| Дејност | 47.52 Трговија на мало со метална стока, бои и стакло во специјализирани продавници |
| Учество на АДИНГ АД | 100 % |
| Раководител | Атанасовски Горан |

| | |
|---|---|
| **Л.А.ХЕМИЈА** | Друштво за промет на хемикалии Л.А.ХЕМИЈА Луфакис и Адинг ДОО Скопје, ул. Новоселски пат 66, Ѓорче Петров, Скопје |
| ЕМБС | 5547253 |
| Дејност | 46.75/0 Трговија на големо со хемиски производи |
| Учество на АДИНГ АД | 40 % |
| Управител | Милковски Мартин |

| | |
|---|---|
| **АДИНГ-БУГАРИЈА** | АДИНГ Бугарија" ЕООД Софија, Р. Бугарија, реон Красно село, бул. Тотлебен 89 А, кат 2, стан 4 |
| Дејност | вршење на дејности кои не се законски забранети |
| Учество на АДИНГ АД | 100 % |
| Управител | Хаџиска Невенка |

| | |
|---|---|
| **АДИНГ-БЕЛГРАД** | Претпријатие за примена и пласман на хемиски производи во градежништво "АДИНГ" д.о.о. Белград, Србија, ул.Нехруова бр.82 |
| Дејност | Трговија на големо со хемиски производи |
| Учество на АДИНГ АД | 100 % |
| Управител | Ѓуровиќ Зоран |

| | |
|---|---|
| **ФИЛИЈАЛА ВО КАЗАХСТАН** | АДИНГ АД Скопје - Филијала во Казахстан, Алмати, Казахстан, ул. Бекмаханова 96/12 |
| Дејност | сите дејности согласно со предметот на делување на АДИНГ, а кои соодветствуваат на законите |
| Учество на АДИНГ АД | 100 % |
| Управител | Петровски Зоран |

## ЧЛЕНОВИ НА УО

| Р.б. | Име и Презиме | Функција | Датум на назначување | Број на акции | учество акции |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Благоја Дончев | Претседател на УО - Генерален директор | 22.05.2017 | 28.345 | 7,33 % |
| 2 | Зоран Петровски | Зам. претседател на УО - Зам. Генерален директор | 22.05.2017 | 32.633 | 8,44 % |
| 3 | Вања Дончева | Член на УО – Зам. Генерален директор | 22.05.2017 | 5.741 | 1.48 % |
| 4 | Даниел Цеков | Член на УО | 01.01.2019 | 1.600 | 0.41% |
| 5 | Горан Атанасовски | Член на УО | 01.01.2019 | 7.200 | 1,86 % |
| **ВКУПНО** | | | | **75.519** | **19.54%** |

## ЧЛЕНОВИ НА НО

| Р.б. | Име и Презиме | Функција | Датум на назначување | Број на акции | учество акции |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Александар Белев | Претседател | 18.05.2017 | 968 | 0,25 % |
| 2 | Петровска Александра | Зам.претседател | 18.05.2017 | 0 | 0,00 % |
| 3 | Филипоски Филип | Член | 18.05.2017 | 9.512 | 2,46 % |
| 4 | Јанков Раде | Член | 18.05.2017 | 980 | 0,25 % |
| **ВКУПНО** | | | | **11.460** | **2,96 %** |

| Име и Презиме | Вкупни примања |
|---|---|
| Благоја Дончев | 35.952 € |
| Зоран Петровски | 29.698 € |
| Вања Дончева | 26.222 € |
| Даниел Цеков | 20.956 € |
| Горан Атанасовски | 19.936 € |

| Име и Презиме | Функција | Учество во Н.О. |
|---|---|---|
| Александар Белев | Претседател | 2.927 € |
| Александра Петровска | Член/ Зам.претседател | 2.341 € |
| Филип Филипоски | Член | 2.341 € |
| Раде Јанков | Член | 2.341 € |

Претседателот на УО и заменикот Зоран Петровски имаат право по основ на Учество во добивка во износ од 2,5 % од годишната добивка по одбивка на сите законски обврски.

| | |
|---|---|
| Вкупен износ на основната главнина | **3.856.272 €** |
| Број на издадени акции | **386.400** |
| Обични акции | **386.400** |
| Номинална вредност на акциите | **9,983 €** |
| Број на акционери на крајот на годината | **308** |
| Број и процент на сопствени акции во основната главнина | **38.640 обични акции 10,00%** |
| Меѓународен идентификациски број на акциите издадени од АД-ИСИН број | **МКАДИН101010 (ADIN)** |

## Акционери со повеќе од 5 % учество во вкупниот број на акции

| Р.б. | Име и Презиме | Број на акции | Учество акции |
|---|---|---|---|
| 1 | Зоран Петровски | 32.633 | 8,44 % |
| 2 | Благоја Дончев | 28.345 | 7,33 % |
| 3 | Биро Проект ДООЕЛ | 21.056 | 5,45 % |
| 4 | Љупчо Атанасовски | 19.434 | 5,02 % |
| **ВКУПНО** | | **101.468** | **26.25%** |

| Цена на акција | |
|---|---|
| - Максимална | 700 МКД |
| - Минимална | 620 МКД |
| Пазарна капитализација (последен ден 31/12/19) | 255.024.000 МКД<br>4.147.703 ЕУР |

* среден курс на НБРМ на 31.12.2019 е 61,4856 мкд

## Дивиденда

На основа работењето на друштвото во претходната година, нето добивката и ликвидноста, Управен Одбор поднесува предлог одлука до Собранието на акционери за исплата на дивиденда.

Друштвото не ја евидентира обврската за дивиденда се додека истата не се одобри на Годишното собрание на акционери.

На 16 Мај 2019 година на Годишното собрание на акционери е одобрена пресметка и исплата на нето дивиденда за 2018 година во износ од 20 денари по акција. Пресметаната дивиденда е прикажана како намалување од тековната добивка.

Исплатена дивиденда во претходните три години:

| Година | Апсолутен износ | % од номинала |
|---|---|---|
| 2018 | 20 МКД | 3,26 % |
| 2017 | 20 МКД | 3,26 % |
| 2016 | 20 МКД | 3,26 % |

## Големи зделки и зделки со заинтересирана страна

Според Законот за трговски друштва, АДИНГ АД Скопје во 2019 година нема склучено големи зделки и зделки со заинтересирани страни.

Врз основа на член 480 ст.3 од законот за трговски друштва, Надзорниот Одбор на АДИНГ АД до Собранието на акционери на АДИНГ Скопје поднесува

Бр. 02-2230/3
21.05.2020 год.
СКОПЈЕ

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА АДИНГ АД СКОПЈЕ ЗА 2019 ГОДИНА

Согласно законската регулатива на општите акти на друштвото, Надзорниот Одбор има овластувања да врши надзор врз управувањето со Друштвото.

Надзорниот Одбор, на вонредна седница одржана на 21.05.2020 година, ја разгледа Годишната сметка на АДИНГ АД Скопје за 2019 година, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на друштвото изготвен од Управниот Одбор на АДИНГ АД Скопје, консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи за работата во 2019 година на АДИНГ АД Скопје и поврзаните друштва со предлог одлука на Управниот Одбор за распределба на добивката по годишната сметка, извештајот за извршената ревизија на годишната сметка на Друштвото за 2019 година од овластениот ревизор ГРАНТ ТОРНТОН, при што констатира дека :
- Годишната сметка на АДИНГ АД Скопје за 2019 година и консолидираната годишна сметка на АДИНГ АД и поврзаните дрштва се согласно прописите на Република Северна Македонија и Меѓународните сметководствени стандарди, што е потврдено и од Ревизорската куќа ГРАНТ ТОРНТОН.

Поради тоа Надзорниот Орган му предлага на Собранието на акционери на АДИНГ АД Скопје на годишното Собрание, Годишната сметка на АДИНГ АД Скопје за 2019 година, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на друштвото, како и консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи за работата во 2019 година на АДИНГ АД Скопје и поврзаните друштва, со предложената распределба на добивката да ги усвои.

Во текот на 2019 година Надзорниот одбор одржа 12 редовни седници и 2 вонредни седници во состав Претседател Белев Александар, Заменик претседател Александра Петровска, член Филип Филипоски и независен член Раде Јанков.

Присуството на седниците на Надзорниот Одбор како и на Претседателот на Управниот Одбор беше редовно.

Материјалите за разгледување на работењето на АДИНГ АД и поврзаните друштва беа остварување на плановите за: реализација на продажбата на домашен и странски пазар; остварување на производството и реализација на набавките; трошоците; пресметките; остварените добивки односно загуби и друго.
Како резултат на разгледување на материјалите добиени од Управниот Одбор за работењето на АДИНГ АД и поврзаните друштва за 2019 година донесени се голем број на заклучоци како и 3 одлуки и тоа:

- Одлука бр. 13 од 29.01.2019 година за добрување за задолжување на АДИНГ АД Скопје по однос на Договор за краткорочен кредит на износ од 5. 400. 000, 00 денари во Халк Банка АД Скопје.
- Одлука бр. 14 од 15.04.2019 година за утврдување на текстот на Извештајот за работата на Надзорниот одбор за 2018 година.

- Одлука бр. 15 од 05.07.2019 година за согласност за задолжување, заложување на недвижен и подвижен имот сопственост на Друштвото и обезбедување со меници.

Покрај разгледувањето на работењето на АДИНГ АД и поврзаните друштва преку материјалите добиени од Управниот Одбор, Надзорниот Одбор беше информиран од страна на Претседателот на Управниот Одбор за:

- Активностите на Комисија надлежна за организација и логистика на прославата по повод јубилеј „50 години АДИНГ".
- Превземање на дејствија за поведување, како и текот на судска постапка против партнерите Ахмади за наплаќање на долгот од Адинг Шими Парс.
- Презентираните месечни извештаи и Бизнис плановите за 2019 година на фирмите во ДС
- Престанокот на работниот однос на Извршниот директор во ДС задолжен за службите за Институт и Фабрика.
- Враќање на судскиот предмет Инвест А против МОН на првостепено одлучување.
- Текот на враќањето на парични средства во предметот АДИНГ против БЕТОН Битола согласно судска пресуда.
- Состојбата со предметот за откуп на земјиштето кое се наоѓа на ул. Кузман Шапкарев.
- Образложени заклучоците донесени од Управниот одбор во врска со извештаите за работата на Адинг МАД Скопје и поврзаните друштва во шестте и деветте месеци во 2019 година.
- Вработување на нов инженерски кадар во во службата Институт.
- Исплатата на дивидендата во законски предвидениот рок.
- Добрата ликвидност на друштвото.
- состојбата со наплата на побарувањата од должниците.
- Реновирањето на деловниот простор во Палата Кузман.
- Најголемата рекламација во врска со производ од производната програма на АДИНГ, АДИНГПОКС 2 во вредност од 1.500.000,00 денари со вклучено ДДВ од страна на комитентот АНТИДАПОКС.
- Понудите од комерцијалните банки за повластени кредити.
- Инвестициониот кредит од Комерцијална Банка.
- И други тековни работи.

Анализирајќи го работењето на АДИНГ АД и поврзаните друштва во 2019 година имајќи ги во предвид условите за стопанисување во нашата држава а и во другите држави, особено потешкотиите околу ликвидноста во тековното работење, Надзорниот Одбор работењето во 2019 година го оцени како успешно.

Во 2019 година во АДИНГ АД остварени се следните резултати:

- Вкупната нето продажба на готови производи на домашен и странски пазар изнесува 4,441,108 евра. (+ 732,923 евра од останати приходи, или вкупно 5,174,031 евра). Реализацијата од готови производи беше 88% од планираната, а 96% во однос на 2018 година.
- Остварените трошоци изнесуваат 4.450.353 евра и се за 6% поголеми во однос на реалните трошоци спрема остварувањето на планот за 2019 година.

Во 2019 година резултатите од финансиското работење на АДИНГ АДсе следните:

- Приходите од деловното работење изнесуваат 5,174,031 евра

- Добивката по оданочување изнесува 280.819 евра што претставува 5,38% од вкупните деловни приходи.

Во поглед на другите активности во АДИНГ АД може да се наведе и следното:
- Одржувањето на системот за менаџмент со квалитет и системот за животна средина.
- други активности

**Инвестициите во АДИНГ АД во 2019 година изнесуваа вкупно 205.615 евра**

Надзорниот Одбор и во текот на 2020 година продолжи да го следи работењето на АДИНГ АД и поврзаните друштва преку разгледување на материјалите добиени од Управниот Одбор.

Мај, 2020 година,
Скопје

НАДЗОРЕН ОДБОР АДИНГ
АД Скопје
Претседател

Белев Александар

Grant Thornton

Посебни Финансиски извештаи и Извештај на незвисниот ревизор

Адинг АД, Скопје

31 декември 2019

# Содржина

| | Страна |
|---|---|
| Извештај на независните ревизори | 1 |
| Извештај за финансиската состојба | 4 |
| Извештај за сеопфатната добивка | 5 |
| Извештај за промените во капиталот | 6 |
| Извештај за паричните текови | 7 |
| Белешки кон посебните финансиски извештаи | 8 |
| Прилози | |

Grant Thornton

# Извештај на независниот ревизор

Grant Thornton DOO
Sv. Kiril i Metodij 52 b - 1/20
1000 Skopja
Macedonia

T +389 (2) 3214 700
F +389 (2) 3214 710
E Contact@mk.gt.com
www.grantthornton.mk

До Раководството и Акционерите на

Адинг АД, Скопје

**Извештај за посебните финансиски извештаи**

Ние извршивме ревизија на придружните посебни финансиски извештаи на Адинг АД, Скопје (во понатамошниот текст "Друштвото"), составени од Извештај за финансиската состојба на ден 31 декември 2019 година, Извештај за сеопфатната добивка, Извештај за промените во капиталот и Извештај за паричните текови за годината што тогаш заврши, како и преглед на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки, вклучени на страните 4 до 41.

*Одговорност на Раководството за посебните финансиски извештаи*

Раководството е одговорно за изготвување и објективно презентирање на овие посебни финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија, како и за воспоставување на таква внатрешна контрола која Раководството утврдува дека е неопходна за да овозможи изготвување на посебни финансиски извештаи кои се ослободени од материјално погрешно прикажување како резултат на измама или грешка.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие посебни финансиски извештаи врз основа на извршената ревизија. Ние ја извршивме ревизијата во согласност со ревизорските стандарди прифатени во Република Северна Македонија[1]. Тие стандарди бараат наша усогласеност со етичките барања, како и тоа ревизијата да ја планираме и извршуваме на начин кој ќе ни овозможи да стекнеме разумно уверување за тоа дали посебните финансиски извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување. Ревизијата вклучува спроведување на процедури со цел стекнување ревизорски докази за износите и објавувањата во посебните финансиски извештаи. Избраните процедури зависат од проценката на ревизорот, и истите вклучуваат проценка на ризиците од постоење на материјално погрешно прикажување во посебните финансиски извештаи, било поради измама или грешка.

[1] Меѓународни стандарди за ревизија („МСР") издадени од страна на Одборот за меѓународни стандарди за ревизија и уверување („ОМСРУ"), кои стапија на сила на 15 декември 2009 година, преведени и објавени во Службен весник на Република Северна Македонија број 79 од 2010 година

Chartered Accountants
Member firm of Grant Thornton International Ltd

Grant Thornton



При овие проценки на ризиците ревизорот ја зема во предвид внатрешната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на посебните финансиски извештаи на Друштвото со цел креирање на такви ревизорски процедури кои ќе бидат соодветни на околностите, но не и за потребата да изрази мислење за ефективноста на внатрешната контрола на Друштвото. Ревизијата, исто така вклучува и оценка на соодветноста на применетите сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на Раководството, како и оценка на севкупната презентација на посебните финансиски извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење со резерва.

*Основа за мислење со резерва*

1. Како што е објавено во Белешка 9.1 кон придружните посебни финансиски извештаи, со состојба на 31 декември 2019 година вложувањата на Друштвото во придружените друштва Адинг Схими Парс, Иран и Адинг Хелас АБЕЕ Грција, изнесуваат 18,440 илјади денари и 1,478 илјади денари, соодветно. Ние не бевме во состојба, со примена на процедура на независна верификација како и други ревизорски процедури, да стекнеме доволно соодветни ревизорски докази во поткрепа на овие вложувања. Понатаму, евидентираните износи на погореспоменатите вложувања, вклучително и вложувањето во подружницата Адинг Доо, Белград, Р. Србија во износ од 614 илјади денари не се усогласени со регистрираните износи според Регистарот на директни инвестиции кои се води при Централниот Регистар на Република Северна Македонија. Соодветно, не бевме во состојба да утврдиме дали некои корекции на погореспоменатите вложувања со состојба на 31 декември 2019 година би биле неопходни.

2. Како што е објавено во Белешка 12 кон придружните посебни финансиски извештаи, салдото на побарувањата од купувачи со состојба на 31 декември 2019 вклучува побарувања од домашни и странски купувачи во износ од 75,628 илјади денари. Друштвото не направи проценка на ризикот од ненаплатливост ниту има признаено резервација од нивно обезвреднување, согласно прифатената сметководствена политика објавена во Белешка 2.12 кон овие посебни финансиски извештаи. Поради природата на расположливите податоци и информации, ние не бевме во состојба да направиме таква сопствена проценка и да утврдиме дали е потребна резервација од обезвреднување на погореспоменатите побарувања со состојба на 31 декември 2019 година.

*Мислење со резерва*

Наше мислење е дека, освен за можниот ефект од прашањата на кои се укажува во пасусот „Основата за мислење со резерва", посебните финансиски извештаи ја претставуваат објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Друштвото на ден 31 декември 2019 година, како и резултатот од работењето и паричните текови за годината што тогаш заврши, во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија.

Grant Thornton



**Извештај за други правни и регулаторни барања**

Раководството на Друштвото е исто така одговорно за изготвување на годишниот извештај за работењето на Друштвото за 2019 година во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност е да изразиме мислење за конзистентноста на годишниот извештај, со историските финансиски информации објавени во посебната годишна сметка и ревидираните посебни финансиски извештаи на Друштвото со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2019, во согласност со ревизорските стандарди прифатени во Република Северна Македонија[2], како и во согласност со барањата на член 34, став 1, точка (д) од Законот за Ревизија.

Наше мислење е дека, историските финансиски податоци објавени во Годишниот извештај за работењето на Друштвото за 2019 година, се конзистентни, во сите материјални аспекти, со податоците објавени во посебната годишна сметка и ревидираните посебни финансиски извештаи со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2019.

Скопје,
04 мај 2020 година

Грант Торнтон ДОО, Скопје

Управител
Марјан Андонов

Друштво за ревизија ГРАНТ ТОРНТОН ДОО Скопје

Овластен ревизор
Маја Атанасовска

[2] Меѓународни стандарди за ревизија („МСР") издадени од страна на Одборот за меѓународни стандарди за ревизија и уверување („ОМСРУ"), кои стапија на сила на 15 декември 2009 година, преведени и објавени во Службен весник на Република Северна Македонија број 79 од 2010 година

Chartered Accountants
Member firm of Grant Thornton International Ltd

# Извештај за финансиската состојба

| | Бел. | 31 декември 2019 000 МКД | 31 декември 2018 000 МКД |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Недвижности, постројки и опрема | 5 | 168,685 | 167,557 |
| Нематеријални средства | 6 | 713 | 1,499 |
| Вложувања во недвижности за изнајмување | 7 | 16,647 | 19,952 |
| Вложувања во подружници и придружени друштва | 9.1 | 65,607 | 65,607 |
| Финансиски средства расположливи за продажба | 9.2 | 855 | 851 |
| | | **252,507** | **255,466** |
| **Тековни средства** | | | |
| Финансиски побарувања | 10 | 5,841 | 5,862 |
| Залихи | 11 | 48,614 | 43,761 |
| Побарувања за данок на добивка | | - | 608 |
| Побарувања од купувачи и останати побарувања | 12 | 188,553 | 192,750 |
| Парични средства и еквиваленти | 13 | 1,036 | 10,771 |
| | | **244,044** | **253,752** |
| Нетековни средства наменети за продажба | 14 | 1,763 | 1,763 |
| **Вкупно средства** | | **498,314** | **510,981** |
| **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | | |
| **Капитал** | | | |
| Акционерски капитал | 15 | 188,929 | 191,690 |
| Резерви | 15 | 51,079 | 51,075 |
| Нераспределена добивка | | 109,343 | 106,080 |
| | | **349,351** | **348,845** |
| **Обврски** | | | |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Позајмици | 16 | 33,903 | 34,146 |
| | | **33,903** | **34,146** |
| **Тековни обврски** | | | |
